# ЕДИНСТВЕН
# чамец за спасување



## ВОСХИТУВАЧКА АВАНТУРА

*Водич низ Библијата*

Дали си ја слушнал тажната сторија за познатиот брод Титаник? На неговото прво патување во 1912 година, луксузниот брод удрил во ледена санта и потонал. Зачудувачки, но иако во бродот имало чамци за спасување за скоро половина од патниците, некои сепак одбивале да влезат во нив, надевајќи се дека бродот ќе продолжи да плови.




Дали знаеше дека за изградба на најголемиот чамец за спасување на сите времиња, биле потребни дури 120 години? Бил висок три катови и во него можело да собере околу 520 автомобили! А што е уште поневеројатно, само осуммина избрале да влезат во овој чамец за спасување и да го спасат својот живот - само осум луѓе, заедно со илјадници животни! Тој чамец за спасување, се разбира, бил Ноевиот брод.



Можеш ли да си замислиш како изгледало да се биде на Ноевиот брод? Светкаат молњи… пукаат силни громови… ветришта дуваат… вулкани експлодираат… истура дожд! А силен потоп беснее секаде наоколу удирајќи ги искорнатите дрвја по страните на бродот, носејќи го натаму-наваму. Тоа мора да било многу страшно искуство. Сепак, бродот бил најбезбедното место на кое тогаш можело да се биде.

Ное ги предупредил сите луѓе дека доаѓа потоп. Ги молел да влезат во бродот, но повеќето од нив му се смееле и велеле дека е луд. Само неговото семејство го послушало и влегло во бродот.

Сѐ што проповедал Ное се исполнило. Чамецот за спасување (бродот) што го изградил, бил единствениот начин да се биде спасен. Сѐ живо што останало надвор, било уништено. Бог отворил пат за спас на неговите луѓе, и неговите ангели го штителе бродот.

Библијата кажува дека во последните денови светот ќе биде повторно уништен, но овојпат со потоп од оган! (2. Петрово 3,6.7). Исто така, таа ни кажува како можеме да бидеме безбедни.

***Дали Бог има друг чамец за спасување кој може да нѐ заштити како Ноевиот брод?*** Да! Но, тоа не е вистински брод, бидејќи овој чамец за спасување ќе треба да нѐ понесе надвор од овој свет!

Да појдеме во уште една восхитувачка авантура низ Божјиот збор, за да го откриеме единствениот чамец за спасување кој може да нѐ спаси од бурата на уништување што наскоро ќе го снајде овој свет.



Најнапред, ајде во молитва да побараме од Бога Тој да нè учи и да ни помогне да го разбереме неговиот Збор. Би можел, на пример, вака да се помолиш:

*„Драги Боже, Ти благодарам што си обезбедил чамец за спасување за да ги спасиш луѓето од потопот. Те молам помогни ми да откријам што ќе ме сочува и мене, кога следниот пат ќе го чистиш светот од гревот. Во името на Исус, Те молам. Амин.“*

## 1 Што сторил Бог за да ни направи чамец за спасување?

Одговор: ***„Зашто Бог толку го возљуби светот, што го даде својот Единороден Син, та секој, кој верува во него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).***

Што ќе нè заштити од уништување, од вечна смрт?

**В**____________ во Божјиот Син, Исус.

Значи што, односно Кој, е чамецот за спасување?

**И**___________

Исус не е само наш чамец за спасување, Тој е и наш „заштитник на животот“!

Библијата вели дека ние сме ***„запазени за Исуса Христа“ (Јуда 1,1).***

Секоја буква од зборот „СПАСИТЕЛ“ е прва буква од друг збор кој го опишува Бога. Повлечи линија од првата буква до остатокот од зборот. Првиот е веќе направен.

| | |
|---|---|
| **С** | **динствен** |
| **П** | **ворец** |
| **А** | **псолутен** |
| **С** | **илен** |
| **И** | **леб на животот** |
| **Т** | **збавител** |
| **Е** | **емоќен** |
| **Л** | **ријател** |

Џон Грифет имал задача да го контролира движечкиот железнички мост на реката Мисисипи. Еден летен ден во 1937-ма година, тој го зел својот мал син Грег со себе на работа. Со широко отворени очи и полн со прашања, Грег гледал како татко му го подига мостот за да им овозможи на бродовите да поминат и како го спушта за да можат да поминат возовите. На пладне, Џон го подигнал мостот и седнал со својот син на платформата за набљудување да ручаат. Биле длабоко замислени кога одеднаш во далечината Џон го чул свирењето на возот. Мемфис Експрес, натоварен со 400 патници, јурел кон мостот!

Џон скокнал на нозе и се искачил до контролната соба. Погледнал надолу и нагоре по реката за да види да не доаѓа некој брод. Потоа погледнал долу и тоа што го видел го исполнило со ужас. Таму бил Грег, паднат меѓу големите запчаници на мостот! Спуштањето на мостот, за да може возот да помине, би значело сигурна смрт за неговиот син. Џон треперел, морал да донесе страшна одлука. Повеќе од сè сакал да го спаси својот син, но тогаш возот не би имал време да сопре. Ако го спаси својот син, стотици луѓе би загинале во ударот со подигнатиот мост!

Свирежот на возот сега веќе бил алармантно близу. Преплавен со тага, Џон ја наведнал главата, ги покрил очите и ја повлекол рачката за спуштање на мостот. Мостот се спуштил токму на време за возот да протатни преку него. Џон го жртвувал животот на својот син за да ги спаси животите на многу луѓе. Колку ли било тешко тоа да се стори!

**Брзи факти**

**На 23 ноември 1942 година, еден кинез по име Пу Лим, скокнал од бродот кој бил погоден со торпедо од германска подморница. Се качил на мал сплав за спасување и така пловел по Атлантскиот океан хранејќи се со риби, галеби и пиејќи дождовница. Конечно, по 4 месеци и 13 дена, Пу Лим бил спасен, поставувајќи светски рекорд за најдолго пловење сам на отворено море!**

Ова е слично на жртвата што Бог ја поднел за тебе! Библијата вели: ***„Зашто самиот Татко ве љуби“ (Јован 16,27).*** Тој го даде својот Син, Исус, да умре за твоите гревови за да може да ти биде простено и да бидеш спасен. Исус доброволно се понудил да умре за да можеме ние да живееме (Матеј 20,28). Ете, толку си му посебен на Бога! Тој сака засекогаш да бидеш со него на небото. Размисли за тоа...

Ауу! Божјата љубов е неверојатна.





*„Пред да те вообликувам во мајчината утроба, Јас те знаев“ (Еремија 1,5).*

## 2 Како е можно Исус толку многу да нè сака? Дали Тој навистина ме сака *и мене?*

Одговор: ***„Но Бог ја покажа својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници“ (Римјаните 5,8).***

Исус одговара: ***„Те љубам со вечна љубов“ (Еремија 31,3).***
***„Зашто си скапоцен во Моите очи“ (Исаија 43,4).***

***Да, Исус те сака.*** Библијата вели дека Тој те сака со в__________ љубов и дека ти си му многу драгоцен!

Понекогаш пријателите не се согласуваат баш целосно. Тие можат да бидат фини еден кон друг денес, но уште утре да се скараат. Но, не е така со Исус, Тој е секогаш љубезен и искрен. Тој те сака и кога си добар *и* кога си лош, иако тоа го прави тажен. Исус умрел за да може да ти биде простено и за да имаш дом на небото.

Еве едно прашање за тебе: Кој знаеше за тебе пет-шест месеци пред да се родиш? Се разбира, твоите родители, твоите дедовци и баби, и можеби неколку семејни пријатели.

Добро. А кој знаеше за тебе повеќе од 100 години пред да се родиш? Во Библијата Бог вели: ***„Пред** да те вообликувам во мајчината утроба, Јас те знаев“ (Еремија 1,5).*

*„Сега вака зборува Господ,* **кој те создаде...** *‘Не бој се, зашто Јас те откупив; те повикав по име, ти си мој’“ (Исаија 43,1).*

Кралските пингвини се највисоки и најкрупни од сите видови пингвини. Но, тие се најпознати по својата восхитувачка пожртвуваност кон своите младенчиња. Откако женката ќе го снесе единственото јајце, таткото го заштитува и грее, додека „мама“ поминува околу 120 километри до морето во потрага по храна. За време на најстудените антарктички месеци „татковците“ издржуваат страшни бури и големи тешкотии (без да јадат!) за да го заштитат јајцето. Кога мајката конечно ќе се врати, двајцата родители наизменично, нежно се грижат за нивното пиленце сè додека младиот пингвин не стане доволно силен за долгиот пат до



**Брзи факти**

Дали некогаш си сторил нешто за што не сакаш никој да дознае? Можеби чувствуваш дека кога твоите пријатели би дознале, не би те сакале повеќе. Добрата вест е дека Исус знае *сè* за тебе, и добро и лошо, а сепак сè уште те сака. Тој го знаеше твоето име уште пред да се родиш, и Тој има во своето срце посебно место само за тебе. Исус сака да избереш да бидеш негов или негова и да го носиш неговото име - христијанин, следбеник на Христа. Тој сака да бидеш избавен (спасен од гревот).

Што сакаш да бидеш кога ќе пораснеш? Доктор, наставник, фармер, пожарникар...? Можеби сè уште не знаеш. Но, Исус знае, и Тој има посебна професија за тебе, која ќе претставува благослов не само за тебе туку и за другите.




Што друго Исус знае за тебе? Библијата кажува дека Бог те знае толку добро што го знае бројот на влакната на твојата глава (Матеј 10,30)! Тој ја знае и твојата адреса: ***„Знам каде живееш*... кога излегуваш и кога се враќаш“ (Исаија 37,28*** * Според превод од англиски - King James***)***.

**Исус навистина знае сè за нас, зар не?**
Колку __________ имаме на главата… и кога ___________ и кога ________________. **Ауу!** (Го знаеш ли бројот на влакната на твојата глава?) Најдобар пријател е тој што знае сè за тебе, а сепак те сака. Па, Исус сака да биде твојот најдобар пријател! Тој те познава подобро од самиот што се познаваш, и Тој нема да престане да те сака.



**Брзи факти**

**Најдолгата коса на светот ѝ припаѓа на Џи Куипинг од Кина. Нејзината коса беше долга повеќе од 5,5 метри при мерењето во мај 2004-та. Таа ја растела својата коса уште од 1973, од својата 13 годишна возраст!**

## Допиши ги зборовите што недостасуваат во оваа мала поема.

И да е црна, кафена, црвена или руса
кадрава или сплетена во плетенка __________

Бог ја заштитува, и му нема рамен
твојата сјајна коса, секој нејзин __________

Како да сум сигурен дека Бог ме сака?
Па Тој ме обликува со својата __________

Да, Исус нè познава сосем, и ќе нè поведе во слава
Тој знае и колку влакна има на мојата __________

**Одговор:** коса, прамен, рака, глава.

# Што дојде Исус да стори за мене?

Одговор 1: ***„Бог го испрати во светот својот Единороден Син за да живееме преку него. Љубовта е во ова: не дека ние сме го возљубиле Бога, туку Тој нè возљуби нас и го испрати својот Син како жртва помирница за нашите гревови“ (1. Јованово 4,9.10). „Зашто смртта е платата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23).***

Исус го даде својот живот за да ***„можеме ние да __________ преку него“***. Ние сме згрешиле, и како последица од тоа сме требале да умреме и никогаш повеќе да не живееме. Но, Бог нуди дар на вечен _______. Исус беше жртвата за нашите гревови и ни го овозможи тоа.



Да претоставиме дека еден ден, играјќи со топка, си скршил еден скап дуќански излог! Навистина си во неволја, бидејќи е многу скапо да се поправи излогот, а ти немаш доволно пари. Сопствениците на дуќанот одлучуваат да ги дадат твоите родители на суд... но тогаш, некој твој добар пријател ги дава сите свои пари за да плати наместо тебе за новиот излог. Што би чувствувал кон еден таков пријател? *Дали би продолжил и понатаму невнимателно да ја фрлаш топката?* Или би покажал почит кон тој пријател со тоа што никогаш повеќе нема да бидеш невнимателен?

Вистината е дека сите ние должиме голем долг кој е невозможно да го отплатиме. Сите сме згрешиле, сите сме виновни за кршење на Божјиот закон, Десетте заповеди. Казната за тоа не е едноставно плаќање на парична казна или одење на спиење без вечера, таа е многу посериозна! Казната е *смрт!* Да не беше Исусовата подготвеност да ја прифати нашата казна, сите ќе бевме осудени да умреме.

***„За нашите престапи* [Исус] *беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз него, преку неговите рани ние се исцеливме“ (Исаија 53,5). „Но Бог ја покажа својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници“ (Римјаните 5,8).*** Да, Исус ја понел на себе казната која сите ние ја заслужуваме. Но, ние мораме да го прифатиме неговиот дар!

Одговор 2: Да погледнеме уште една прекрасна работа што Исус ја направил за нас: ***„Ќе му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси својот народ од нивните гревови“ (Матеј 1,21).***

Исус нè спасува од нашите _________! Не мораме повеќе да бидеме врзани во своите стари навики. Тој ќе ни помогне да ги победиме.

Одговор 3: И еве уште една работа што Исус ја прави, која е уште попрекрасна (ако е тоа можно)! ***„Гледајте каква љубов ни дал Таткото: да се наречуваме Божји деца“ (1. Јованово 3,1). „А на сите кои го примија [Исус], им даде власт да станат Божји деца, на оние кои веруваат во неговото име“ (Јован 1,12).***

Ако веруваме во Него, Тој нè нарекува свои _____________.



*Исус дојде да нè направи дел од семејството на Небесниот Бог!*

Едно мало момче постојано задоцнувало на оброците. Еден ден, неговите родители внимателно го предупредиле да дојде на време. Но, овојпат, тоа задоцнило повеќе од кога и да било! Неговите родители веќе биле седнати околу масата и штотуку почнувале да јадат. Прегладнето, брзо седнало на своето место. Но, пред себе забележало само парче леб и чаша со вода.



Следела долга, тажна тишина додека момчето гледало во својата чинија. Тогаш татко му посегнал, ја зел неговата чинија и ја ставил пред себе. Потоа, со топла насмевка на лицето, ја ставил својата чинија, полна со храна, пред својот син.

Исус е како таткото на ова момче. Тој е подготвен да ги замени нашите гревови со својата совршена послушност. *Момчето веќе никогаш не доцнело на оброците!*

**Постојат многу различни видови на пловила на светот, и сите тие можат да нè сочуваат од потонување! Пронајди ги зборовите со сина боја, во табелата подолу одејќи надолу, хоризонтално или косо .**



**сплав**
**подморница**
**јахта**
**чамец**
**едреник**
**чун**
**кану**
**кајак**
**глисер**
**танкер**



| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ф | Р | Е | Њ | Б | О | А | Т | Н | Ч | Д |
| П | О | Д | М | О | Р | Н | И | Ц | А | Р |
| Р | Ф | Р | Д | У | К | Р | Ц | Р | М | И |
| Р | Т | Е | Њ | Б | Г | Л | И | С | Е | Р |
| S | Б | Н | Ц | Ч | S | К | Р | Е | Ц | С |
| С | О | И | А | Т | У | С | Е | S | Т | У |
| М | Е | К | Н | Р | А | Н | Т | А | А | Р |
| П | А | А | О | И | П | Н | А | Ц | О | Ф |
| Ц | М | Н | Е | В | К | К | К | Х | Л | Н |
| Х | О | Ј | А | Х | Т | А | А | Е | Ф | Е |
| Ј | Љ | Л | А | И | Л | Н | Ј | Г | Р | К |
| S | П | У | Ц | М | S | У | Р | А | П | С |
| С | О | С | А | А | А | С | Е | S | К | У |
| S | Б | У | Ц | М | S | К | Р | Е | П | С |









**Ауу!** Исус сака да стори многу за нас! Тој дојде да ти даде живот, да те спаси од гревот и да те направи Божје дете - сево ова, ако веруваш и го побараш тоа од Него.

# 4 Како да го прифатам Исус и да покажам дека навистина верувам во него?

Одговор: ***„Ние го љубиме, зашто прво Тој нè возљуби нас“ (1. Јованово 4,19). „Божјата добрина те води кон покајание“ (Римјаните 2,4). „Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите“ (1. Јованово 1,9).***

Ние можеме да влеземе во бродот на спасението така што ќе веруваме во Исус. ***„Од детството ги познаваш Светите Писма, кои можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христа Исуса“ (2. Тимотеј 3,15).***

Кога ќе разбереме колку нè сака Исус, во нашето срце се раѓа љубов кон него. Ако видиме дека сме правеле работи со кои сме го повределе, ќе го молиме да ни прости, бидејќи жалиме заради тоа.

Исус те сака и ветил дека ќе ти прости ако ги исповедаш своите гревови (1. Јованово 1,9). ***Зошто не отидеш сега кај Исус и не го замолиш да ти прости?*** Можеш уште денес да имаш мир во своето срце, знаејќи дека сè е во ред меѓу тебе и Бога.

## Колку пеперутки можеш да најдеш?

________

Дали знаеше дека гасеницата ја зголемува својата маса околу 27 000 пати од времето кога ќе излезе од јајцето? Ако едно човечко бебе тежи 3,5 кг кога ќе се роди и кога би растело со иста брзина како гасеницата, тогаш, како возрасен човек, тоа би тежело скоро 95 тони!





На оваа страна има многу радосни зборови од Библијата. Премести ги буквите за да бидат правилни. Под овие зборови ќе најдеш една порака од сатаната. Но, неговите тажни зборови се бледи, така што можеш врз нив да ги напишеш Исусовите радосни зборови.



ќасре досенра рим

ласи кашско полнетоис ринавед

Ти ќе бидеш тажен, и ќе плачеш од очај бидејќи твојот живот ќе се исполни со разочарување и жалост. Твоето срце ќе биде празно, а твојата душа ќе биде полна со празнина!







**Одговор:** Ти ќе бидеш **радосен**, и ќе **скокаш** од **среќа** бидејќи твојот живот ќе се исполни со **ведрина** и **мир**. Твоето срце ќе биде **исполнето** а твојата душа ќе биде полна со **сила**!

## 5 Дали мојот живот ќе се промени кога ќе му го предадам на Исус и ќе се придружам на неговото семејство? Што ќе ми помогне Исус да сторам?



Одговор: ***„И шака, ако е некој во Христа, шој е ново создание; сшарошо йомина, еше: сè сшана ново“ (2. Коринтјаните 5,17). „Ако ме љубише, ќе ги йазише моише зайоведи“ (Јован 14,15).***

Исто како што дебелата гасеница може да се промени во прекрасна нова пеперутка, така Божјата љубов може да нè промени во прекрасни, нови луѓе. Неговата љубов ги отфрла нашите стари желби и ни дава нови. Ние сакаме да му ја возвратиме љубовта на Исус така што нема да правиме себични, грешни нешта. Ние сакаме да ги држиме Божјите заповеди кои ја изразуваат љубовта кон Бога и другите луѓе, кои се исто така негови деца. Можеме сега да го замолиме Исус да го промени нашиот живот и да ни помогне да живееме како него. Токму сега, тоа навистина би го направило среќен!

***„Така, ви велам, се радуваат Божјише анѓели, заради еден ѓрешник, кој се кае“ (Лука 15,10).***



Си беше еднаш едно момче по име Јован. Тој имаше болна сестра на која требаше да ѝ се изврши трансплантација на крвта, за да ѝ се спаси животот. Докторот објасни дека нејзина единствена шанса е трансфузија на крв од нејзиниот брат, кој ја имаше истата, ретка, крвна група. Јован беше идеалниот дарител!




„Дали ќе дадеш крв за Марија?“ праша докторот. Јован се колебаше. Долната усна почна да му се тресе.

Конечно, се согласи и рече: „Се разбира, за сестра ми!“.

По кратко време двете деца беа внесени во болничката соба: Марија - исцрпена и бледа, а Јован - силен и здрав. Двајцата молчеа, но кога им се сретнаа погледите, Јован ѝ се насмевна.

Кога сестрата ја стави иглата во раката на Јован, тој стана многу сериозен. Ја гледаше крвта како тече низ цревцето.

Кога „мачењето“ беше при крај, неговиот треперлив глас ја прекина тишината: *„Докторе, а кога ќе умрам?“*

Дури тогаш докторот сфати зошто Јован се колебаше да даде крв. Па, тој мислел дека треба да ја даде сета своја крв на сестра си, и дека потоа ќе умре. Во тој краток миг, Јован ја донел својата голема одлука.

За среќа, Јован не мораше да умре за да ја спаси сестра си. Но, сите ние сме во многу посериозна состојба од болната Марија, и таа состојба бараше од Исус да ја даде не само својата крв туку и својот живот, за да нѐ спаси.

## 6 Дали ќе бидам посреќен кога ќе го прифатам Исус?

Одговор: Исус вели: *„Ова ви го реков... вашата радост да биде полна“ (Јован 15,11). „Јас и тогаш ќе се веселам во Господа, ќе се радувам во Бога на моето спасение“ (Авакум 3,18). „Мило ми е, Господи, да ја исполнувам твојата волја, јас го носам твојот закон длабоко во срцето“ (Псалм 40,8).*

Исус доаѓа да ни донесе вистинска радост. И овие библиски писатели звучат радосно, зар не? Некои луѓе мислат дека е тешко да се биде христијанин, бидејќи има толку многу работи кои веќе не смееш да ги правиш. Ајде да видиме: не смееме да пцуеме, да крадеме, да бидеме лоши кон другите, ниту да сме себични! Дали навистина ќе сакаме да ги правиме овие работи ако го љубиме Исус? Не! Иако сатаната може да нè искушува повторно да ги правиме тие нешта, било преку притисоци од врсниците или преку нашите сопствени желби. Исусовиот начин на живот ни дава мир во срцето и чиста, радосна совест, за што нема да зажалиме.

***„Ова ви го реков, за да имате мир во мене. Имате неволја во светот; но бидете храбри - Јас го победив светот“ (Јован 16,33). „Сè можам преку Христа, кој ми дава сила“ (Филипјаните 4,13).***

**За да ја дознаеш Исусовата порака обој ги со боичка квадратите кои ги содржат следниве букви:**

**Ѓ Ф Ш Ќ Г Б Ж Х Н П Љ Р У Њ Џ З И Ч**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Н | Ф | Ѓ | Ш | Њ | Љ | Б | У | Ѓ | Х |
| П | Ч | Н | Х | Ж | П | З | Н | У | Ч |
| Џ | У | Ј | А | С | Г | П | Б | Ш | Џ |
| Х | Џ | Ј | А | П | У | З | Н | П | Б |
| Ѓ | И | Д | А | Д | О | В | Ф | У | Ж |
| Х | У | Ц | Е | Л | А | Т | А | З | Н |
| Њ | Ф | М | О | Ј | А | Ч | Ќ | П | У |
| Ќ | Н | К | Р | В | Ќ | Џ | Н | Њ | Љ |
| З | Ѓ | Џ | Н | Ш | Љ | П | Њ | Ќ | Х |
| И | Х | З | Ф | Б | Х | У | Ш | Ф | Б |

**Одговор:** Јас ја дадов целата моја крв.



## 7 Гледаш ли колку многу те сака Исус?

## Дали сакаш да го прифатиш и да почнеш да живееш нов живот со Исус? ____________




# Како можам секогаш да бидам свесен колку многу Исус ме сака?

1. **Секојдневно зборувај со него во молитва.** Кога си среќен или тажен, кога имаш потреба од нешто или ти треба некој за разговор - испрати една малечка мисла до Исус. Бидејќи Тој знае сè за тебе, Исус може дури и да ги чуе твоите мисли! *Зар тоа не е супер?!*
2. **Читај ја својата Библија.** Биди како оние што ***„секој ден го испитуваа Писмото“ (Дела 17,11).*** Читај за Исус во четирите Евангелија. ***„Гледајќи во Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера“ (Евреите 12,2).*** Исус ја врежува својата љубов во нашите срца, и ако продолжиме да гледаме во неговата љубов, добиваме совршена вера. А тогаш сме подготвени да живееме со него.
3. **Кажи му на некого.** ***„Зашто, ако со твојата уста исповедаш, дека Исус е Господ и ако во твоето срце поверуваш... ќе бидеш спасен“ (Римјаните 10,9).*** Споделувањето на твојата љубов кон Исус и нештата кои Тој ги сторил за тебе, всушност ја зацврстуваат твојата одлука и твојата љубов кон него! Исус е среќен кога им кажуваш на другите за него. Тогаш Тој може да види дека навистина го сакаш.



***Дали уживаше во оваа возбудлива лекција?***
Искрено се надеваме дека е така!
Реши ги сега **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**



# Квиз прашања

Пред да одговориш на прашањата, прочитај ја лекцијата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со сина боја.

**1. Што даде Бог за да нè спаси? (1)**

○ а) многу пари
○ б) Земјата
○ в) неговиот Единороден Син
○ г) ангел

**2. Што знае Исус за нас? (3)**

○ а) ништо повеќе од нашето име
○ б) колку влакна имаме на главата
○ в) сè
○ г) ништо
○ д) сè што сме направиле

**3. Со која цел дојде Исус? (6)**

○ а) да ни даде живот
○ б) да ни ја покаже Божјата љубов
○ в) да ни даде милион евра
○ г) да ни ги прости гревовите
○ д) да умре за да нè ослободи од сатаната
○ ѓ) да нè ослободи за да си правиме што сакаме
○ е) да ни даде радост
○ ж) да нè направи мизерни
○ ѕ) да го промени нашиот живот кон подобро

**4. Кога го љубам Исус, кои работи ќе сакам да ги правам? (5)**

○ а) само она што јас сакам
○ б) сè она што го прави среќен
○ в) да му покажам дека ја ценам неговата жртва
○ г) да одам на Хаваи
○ д) да ги држам неговите заповеди
○ ѓ) да се грижам за другите
○ е) да го оставам гревот

**5. Чамецот за спасување на последното време е: (1)**

○ а) Ноевиот брод
○ б) поголем брод
○ в) Исус
○ г) кит



# Твои коментари:

**6. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

**7. Дали сакаш да му кажеш на Исус дека Го сакаш и дека му го предаваш својот живот, токму сега?** ______________

**8. Дали сакаш да живееш за Него и да им кажеш на другите колку многу и нив Тој ги сака?** ______________

**Одговори:**

1. Што даде Бог за да нè спаси?:
   **в)** Неговиот Единороден Син

2. Што знае Исус за нас?
   **б)** колку влакна имаме на главата
   **в)** сè
   **д)** сè што сме направиле

3. Со која цел дојде Исус?
   **а)** да ни даде живот
   **б)** да ни ја покаже Божјата љубов
   **г)** да ни ги прости гревовите
   **д)** да умре за да нè ослободи од сатаната
   **е)** да ни даде радост
   **ѕ)** да го промени нашиот живот кон подобро

4. Кога го љубам Исус, кои работи ќе сакам да ги правам?
   **б)** сè она што го прави среќен
   **в)** да Му покажам дека ја ценам Неговата жртва
   **д)** да ги држам Неговите заповеди
   **ѓ)** да се грижам за другите
   **е)** да го оставам гревот

5. Чамецот за спасување на последното време е:
   **в)** Исус

Твоето име и презиме ______________________________

Твојата адреса ______________________________

Одобрение од родител / старател ______________ ______________

*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!